

# ЗАШТИТЕТЕ ЈА ВАШАТА КАНЦЕЛАРИЈА

McAfee PROTECTED

COPIER MFP LINE OF THE YEAR 2018 BLI BUYERS LAB LINE OF THE YEAR

BLI BUYERS LAB 2019 PICK

Canon uniFLOW Online
Outstanding Cloud Output-Management Solution

COPIER MFP LINE OF THE YEAR 2020 BLI BUYERS LAB LINE OF THE YEAR

New to the Line

Canon

# КОЛКУ БЕЗБЕДНИ СЕ ИНФОРМАЦИИТЕ ВО ВАШАТА КАНЦЕЛАРИЈА?

Денешните компании во голем степен работат со информации, создавајќи комплексни мрежи на поврзани технологии, процеси, луѓе и организации, со што ги надминуваат националните граници. Во ерата на дигиталната трансформација настапуваат нови, побрзи работни процеси кои ја менуваат канцеларијата и начинот на кој луѓето ги создаваат, споделуваат и консумираат информациите. Обезбедувањето на податоците во ваквата деликатна средина е потешко од кога било досега, така што повеќето компании инвестираат во софистицирани технологии како што се издржливи заштитни ѕидови, ажурирана заштита од вируси, безбедносен софтвер и многу повеќе. Меѓутоа, тие често не ја согледуваат потребата од заштита на канцелариските печатачи, со што стануваат поранливи отколку што мислат.

## РАЗМИСЛЕТЕ ЗА ВАШИТЕ ПЕЧАТАЧИ

Модерните повеќефункционални печатачи (MFP) еволуираа во моќни алатки, кои како и компјутерите и серверите имаат оперативни системи, огромни хард дискови, се поврзуваат во мрежа и на интернет и кои корисниците секојдневно ги користат и ги споделуваат за обработка на огромен број документи што се клучни за деловното работење.

## КОИ СЕ РИЗИЦИТЕ?

- Неовластени корисници би можеле да ги видат чувствителните информации зачувани на незаштитени MFP
- Достапноста на вашата инфраструктура за печатење би можела да биде загрозена поради погрешно ракување
- Злонамерни лица би можеле да добијат пристап до вашата мрежа преку печатачот и да го искористат за понатамошни напади
- Доверливите документи заборавени во излезниот фах по печатењето би можеле да бидат откриени
- Мешање на отпечатените материјали што им припаѓаат на различни корисници
- Документите би можеле да им се испратат по факс или по е-пошта на погрешните приматели како резултат на печатни грешки
- Податоците за печатење или скенирање би можеле да бидат пресретнати од хакери при испраќањето или добивањето
- Загуба на податоците поради невнимателно депонирање на печатачите на крајот на нивниот работен век.

„Усвојувањето основни стандарди за безбедност на податоците е навистина корисно во вашата канцеларија, бидејќи таму ракувате со голем обем на податоци. Печатачите повеќе не се едноставни уреди, туку сервери што печатат хартија.“

(CISO, Publicis Groupe)

# БЕЗБЕДНИ РЕШЕНИЈА ЗА ПЕЧАТЕЊЕ ЗА ВАШАТА КОМПАНИЈА

## Подобра безбедност и приватност

Кога дизајнираме или избираме технологии, производи и услуги за нашите потрошувачи, го разгледуваме безбедносниот ризик што тие би можеле да го имаат во опкружувањето на потрошувачите. Затоа нашите повеќефункционални печатачи за канцелариско работење се опремени со голем број безбедносни функции, стандардни и изборни, кои им овозможуваат на сите компании, независно од нивната големина, да го достигнат саканото ниво на заштита за:

**УРЕДИТЕ** | **МРЕЖИТЕ** | **ДОКУМЕНТИТЕ** | **ВАШЕТО ПРЕТПРИЈАТИЕ**

### МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАТИ СТАНДАРДИ И СЕРТИФИКАТИ

Нашите повеќефункционални печатачи imageRUNNER ADVANCE постојано се проверуваат и се сертифицираат со методологијата на Common Criteria, во согласност со барањата на стандардите IEEE2600 за безбедност на уредите за печатење.

### ТЕСТИРАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА

Canon применува едни од најригорозните режими за тестирање на безбедноста во индустријата за канцелариска опрема. Технологиите што се прифатени во нашата палета на производи се тестираат според истите високи стандарди што ги очекуваме и за нашата компанија.

Како лидер во индустријата за развој на иновативни решенија за печатење и управување со информациите за канцелариите и компаниите, Canon соработува со потрошувачите за да им овозможи да усвојат сеопфатен пристап кон безбедноста на информациите, пристап во кој се разгледуваат безбедносните импликации од нашите канцелариски технологии како дел од поширокиот екосистем на информации.

# ЗАШТИТЕТЕ ГО ВАШИОТ УРЕД

## Сеопфатна заштита на вашите физички ресурси

### РЕШЕНИЈА ЗА ПРОВЕРКА НА ИДЕНТИТЕТОТ НА КОРИСНИЦИТЕ

Заштитете го вашиот уред од неовластена употреба така што ќе примените контрола на пристапот на корисниците преку проверка на нивниот идентитет. Тука спаѓа и дополнителната придобивка - побрз пристап за корисниците до нивните претпочитани поставки и задачи за печатење, притоа зголемувајќи ја транспарентноста и контролата. Нашите печатачи наменети за работа во оддели се опремени со универзален управувач за најавување uniFLOW Online Express, кој претставува флексибилно решение за најавување и овозможува проверка на идентитетот на корисниците во база на податоци создадена на уредот, проверка на домени преку активен директориум или uniFLOW-сервер. Тоа им овозможува на компаниите да го контролираат пристапот до уредите, притоа постигнувајќи ја правилната рамнотежа помеѓу практичното користење и безбедноста.

### ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ НА ХАРД ДИСКОТ

Во секое време, повеќефункционалниот печатач содржи голем број податоци што треба да се заштитат - од задачите за печатење што чекаат да бидат отпечатени, до примените факсови, скенираните податоци, адресарите, евиденцијата за активности и историјата на задачи. Уредите на Canon нудат голем број мерки за заштита на вашите податоци во секоја фаза на работниот век на уредот и ја гарантираат доверливоста, интегритетот и достапноста на податоците.

### СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРИСТАП

Оваа функција нуди контрола над пристапот до функциите на уредот. Администраторите може да ги користат стандардно достапните улоги или да создадат прилагодени улоги со саканото ниво на привилегии за пристап. На пример, на одредени корисници може да им биде ограничено копирањето документи или користењето на функцијата за испраќање.

### ПОСТАВУВАЊЕ ПОЛИТИКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ

Најновите imageRUNNER ADVANCE DX уреди исто така се опремени со функција за политика за безбедност, која му овозможува на администраторот да пристапува до сите поставки поврзани со безбедноста во едно мени и да ги уредува пред да ги примени на уредот. Откако ќе се применат поставките, користењето на уредот и промените на поставките мора да бидат усогласени со политиката. Политиката за безбедност може да се заштити со одделна лозинка за пристапот до ова поле да биде ограничен на одговорните лица за IT-безбедност, со што се додава дополнително ниво на контрола и сигурност.

### КОНТРОЛА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА НА УРЕДИТЕ

Конфигурацијата на уредите, како што се мрежите поставки и другите контролни опции им се достапни само на оние корисници кои имаат администраторски привилегии, со што се спречува намерно или ненамерно менување на податоците.

### ПРЕВЕНТИВНА БЕЗБЕДНОСТ

Производите imageRUNNER ADVANCE DX нудат многубројни безбедносни поставки што овозможуваат заштита на печатачите од напади. Функцијата за проверка на системот при вклучувањето го зачувува интегритетот на уредите при вклучувањето на системот на машината, а McAfee Embedded Control ќе го задржи интегритетот во текот на целиот работен век на уредот преку блокирање на попречувањето на работата на програмите или блокирање на извршувањето на неовластените програми за време на користењето на уредот. Освен тоа, Syslog-податоците нудат безбедносни информации за уредот во реално време, како и функции за следење (податоците може да се читаат со соодветен систем SIEM од трети страни).



## КОЛКУ БЕЗБЕДНИ СЕ ВАШИТЕ УРЕДИ?

**1**
Дали вашите уреди се споделуваат и се наоѓаат на јавни места?

**2**
Дали корисниците може да добијат необезбеден пристап до уредите?

**3**
Дали имате применето мерки за заштита на информациите на хард дискот на уредот?

**4**
Дали неовластените корисници може да ги менуваат поставките на уредот?

**5**
Дали сте размислувале за работниот век на вашиот уред и неговото безбедно депонирање?

### ШИФРИРАЊЕ НА ХАРД ДИСКОТ

Нашите imageRUNNER ADVANCE DX уреди ги шифрираат сите податоци на хард дискот и со тоа ја зголемуваат безбедноста. Безбедносниот чип што го врши шифрирањето на податоците е усогласен со безбедносниот стандард FIPS 140-2 Level 2 утврден од владата. на САД и е сертифициран со програмата за потврда на криптографски модули (CMVP) која се користи во САД и во Канада, како и со програмата за потврда на криптографски модули на Јапонија (JCMVP).

### БРИШЕЊЕ НА ХАРД ДИСКОТ

Одредени податоци, како што се податоците од копираните или скенираните слики, како и податоците на документите што се печатат од компјутер, само привремено се складираат на хард дискот и се бришат по завршувањето на операцијата. За да не дојде до задржување на преостанатите податоци, нашите уреди кои се опремени со хард диск нудат можност за рутинско бришење на преостанатите податоци како дел од обработката на задачите.

### ИНИЦИЈАЛИЗИРАЊЕ НА СИТЕ ПОДАТОЦИ И ПОСТАВКИ

За да избегнете губење на податоците при замената или депонирањето на хард дискот, може да ги презапишете сите документи и податоци на него и да ги вратите поставките на уредот на зададените вредности.

### ПРЕСЛИКУВАЊЕ НА ХАРД ДИСК*

Компаниите имаат можност да направат резервна копија на податоците од нивните хард дискови со помош на дополнителни изборни хард дискови. При вршењето на пресликувањето, податоците на двата хард дискови се целосно шифрирани.

*Изборно за одредени модели. За детални информации за достапноста на функциите и опциите во нашата палета на производи за канцелариско печатење, стапете во контакт со вашиот претставник на Canon.



# ОБЕЗБЕДЕТЕ ЈА ВАШАТА МРЕЖА

**ДАЛИ ВАШИОТ ПЕЧАТАЧ ЈА ЗАГРОЗУВА ВАШАТА МРЕЖА?**

- Дали ги оставате мрежните порти изложени на напад?
- Дали корисниците-гости може да печатат и скенираат без да ја изложат вашата мрежа на ризици?
- Дали вашите политики за носење сопствени уреди на работното место се безбедни и поддржливи?
- Дали проследувањето на податоците за печатење од компјутерите до излезниот уред се шифрирани?
- Дали податоците за печатење и скенирање се безбедни при испраќањето или добивањето?

# Canon нуди палета на безбедносни решенија за вашата мрежа и податоците да бидат безбедни од внатрешни и надворешни напади.

**ФИЛТРИРАЊЕ НА IP И MAC АДРЕСИ**
Заштитете ја вашата мрежа од неовластен пристап од трети страни така што ќе дозволите појдовна или дојдовна комуникација само со уредите што имаат одредена IP или MAC адреса.

**КОНФИГУРАЦИЈА НА ПРОКСИ СЕРВЕР**
Поставете прокси преку кое ќе минува комуникацијата наместо преку вашиот уред и кое ќе го користите при поврзувањето со уредите надвор од мрежата.

**IEEE 802.1X ПРОВЕРКА НА ИДЕНТИТЕТ**
Неовластениот пристап до мрежата е блокиран од LAN-прекинувач кој одобрува привилегии за пристап само до уредите на клиентите кои се овластени од серверот за проверка на идентитетот.

**IPSEC КОМУНИКАЦИЈА**
IPSec комуникацијата спречува трети страни да ги пресретнат или да ги менуваат IP пакетите што се пренесуваат преку IP мрежата.

Користете TLS шифрирана комуникација за да спречите душкање, измами и менување на податоците што се разменуваат помеѓу уредот и другите уреди, како што се компјутерите.

**КОНТРОЛА НА ПОРТИТЕ**
Конфигурирајте ги портите како дел од поставувањето на вашата политика за безбедност.

**АВТОМАТСКО ИНСТАЛИРАЊЕ НА СЕРТИФИКАТИ**
Со оваа функција значително се намалува непријатноста од одржувањето на безбедносните сертификати. Користејќи технологија призната од индустријата, администраторот на системот може автоматски да ги ажурира и да ги праќа сертификатите, така што безбедносните политики ќе бидат исполнети во секое време.

**СЛЕДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА**
Различната евиденција ви овозможува да ја следите активноста поврзана со вашиот уред, вклучувајќи ги и блокираните барања за комуникација.

**WI-FI DIRECT**
Овозможете поврзување „уред со уред“ за мобилно печатење при што мобилниот уред нема потреба од пристап до вашата мрежа.

**ШИФРИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ШТО ДОАЃААТ ИЛИ ЗАМИНУВААТ ОД УРЕДОТ**
Оваа опција ги шифрира задачите за печатење што доаѓаат од компјутерот на корисникот до повеќефункционалниот печатач. Со овозможување на универзалниот комплет на безбедносни функции, скенираните податоци во PDF формат исто така може да се шифрираат.

**МОБИЛНО ПЕЧАТЕЊЕ ОД КОРИСНИЦИ-ГОСТИ**
Нашиот софтвер за управување со печатењето и скенирањето преку безбедна мрежа ги отстранува најчестите безбедносни ризици за мобилното печатење и печатењето од корисници-гости преку обезбедување надворешни патеки за испраќање на задачите преку е-пошта, интернет и мобилна апликација. Ова ги минимизира векторите за напад така што го заклучува MFD на безбеден извор.

**ДВЕ МРЕЖИ**
Најновата технологија нуди можност за поврзување во две мрежи: примарната мрежа секогаш ќе биде жична, а секундарната врска може да биде безжична или жична за да се овозможи побезбедно одвојување на мрежите.

# ЗАШТИТЕТЕ ГИ ВАШИТЕ ДОКУМЕНТИ

Сите компании имаат чувствителни документи како договори, информации за платни списоци, податоци за потрошувачите, планови за истражувања и развој и др. Доколку документите дојдат во погрешни раце, последиците може да се движат од оштетена репутација до големи парични казни или тужби.

**Canon нуди палета на безбедносни решенија со кои вашите чувствителни документи ќе бидат безбедни додека се потребни.**

## ДОВЕРЛИВОСТ НА ОТПЕЧАТЕНИТЕ ДОКУМЕНТИ

**Безбедно печатење**
Корисникот може да постави PIN-код за печатење, така што документите ќе може да се печатат само откако во печатачот ќе се внесе правилниот PIN-код. Тоа им овозможува на поединците да ги обезбедат оние документи што ги сметаат за доверливи.

**Задржување на сите задачи за печатење**
На imageRUNNER ADVANCE DX, администраторот може да наметне задржување на сите испратени задачи за печатење, така што корисниците прво ќе мора да се најават пред да ги отпечатат задачите, со што се обезбедува доверливоста на сите отпечатени материјали.

**Поштенски сандачиња**
Задачите за печатење или скенираните документи може да се складираат во поштенско сандаче за до нив да се пристапи подоцна. Поштенските сандачиња може да се заштитат со PIN-код за само соодветниот сопственик да може да ги гледа содржините складирани во нив. Овој безбеден простор на уредот е погоден за чување на документите што често треба да се печатат (како што се формуларите), но со кои треба внимателно да се ракува.

**Безбедно печатење uniFLOW***
Со безбедното печатење uniFLOW MyPrintAnywhere, корисниците може да ги испраќаат задачите за печатење преку универзалниот драјвер и да ги отпечатат на кој било печатач на мрежата.

## СПРЕЧУВАЊЕ НА УМНОЖУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

**Печатење со видливи водени печати**
Драјверите нудат можност за печатење видливи ознаки на страницата, преклопени врз содржината на документот или под неа. Ова го спречува копирањето така што им укажува на корисниците за доверливоста на документот.

**Печатење/Копирање со невидливи водени печати**
Кога оваа опција е овозможена, документите може да се печатат или копираат со вграден скриен текст во заднината, така што кога ќе се направи дупликат од документот, текстот се прикажува и на тој начин се спречува умножувањето на документот.

**Спречување на губењето на податоците на корпоративно ниво**
Надградете ги основните можности за спречување на губењето на податоците во iW SAM Express во комбинација со uniFLOW. Ова решение основано на сервер ви овозможува да ги снимате и архивирате документите што биле испратени до и од печатачот, да анализирате и да толкувате со помош на текст или атрибути, со крајна цел да се спречат безбедносните закани.

**Следење на потеклото на документите***
Потеклото на документите може да се следи до почетната точка преку вградениот код.

## КОЛКУ БЕЗБЕДНИ СЕ ВАШИТЕ ДОКУМЕНТИ?

**1**
Дали неовластените корисници се спречени да пристапат до чувствителните документи кај печатачот?

**2**
Дали може да обезбедите доверливост на сите документи на клиентите што се обработуваат преку споделениот уред?

**3**
Дали може да го следите потеклото на отпечатените документи?

**4**
Дали е можно некој да си замине со чувствителни документи од вашиот печатач?

**5**
Дали може да ги спречите честите грешки при испраќањето документи од уредот?

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ КОНТРОЛА НАД ИСПРАЌАЊЕТО НА ДОКУМЕНТИТЕ И ИСПРАЌАЊЕТО ПО ФАКС

**Ограничување на дестинациите за испраќање**
За да се намали ризикот од протекување на информации, администраторите може да ги ограничат достапните дестинации за испраќање само на оние дестинации во адресарот или LDAP-серверот, адресата на најавениот корисник или одредени домени.

**Оневозможување на автоматското пополнување на адресите**
Спречете го испраќањето документи на погрешни дестинации така што ќе го оневозможите автоматското пополнување на адресите за е-пошта.

**Заштита на адресарот**
Поставете PIN-код за да го заштитите адресарот на уредот од неовластено уредување од страна на корисниците.

**Потврда на број за факс**
Спречете го испраќањето на документите до несакани примател така што ќе побарате од корисниците да го внесат бројот за факс двапати за потврда пред испраќањето.

**Доверливост на документите добиени по факс**
Поставете го уредот да ги складира документите во меморијата без да ги печати. Можете да ја заштитите доверливоста на документите добиени по факс така што ќе примените услови за одредување на локацијата за складирање на доверливите приемни сандачиња, како и да поставите PIN-кодови.

## ПОТВРДУВАЊЕ НА ПОТЕКЛОТО И АВТЕНТИЧНОСТА НА ДОКУМЕНТИТЕ ПРЕКУ ДИГИТАЛНИ ПОТПИСИ

**Потпис на уредот**
Потписот на уредот може да се постави на скенирани документи во PDF или XPS формат, со помош на клуч и механизам за сертификати, така што примателот ќе може да го потврди потеклото и автентичноста на документот.

**Потпис на корисникот**
Опцијата им овозможува на корисниците да испратат PDF или XPS-датотека со уникатен дигитален потпис на корисникот кој се добива од соодветниот издавач на сертификати. На овој начин примателот може да потврди кој корисник го потпишал документот.

## ПРИМЕНУВАЊЕ ПОЛИТИКИ СО ИНТЕГРАЦИЈА НА ADOBE LIFECYCLE MANAGEMENT ES

Корисниците може да ги обезбедат PDF-датотеките и да применат доследни и динамички политики за контрола на пристапот и правата за користење за да ги заштитат чувствителните и вредни информации од ненамерно или злонамерно обелоденување. Безбедносните политики се одржуваат на ниво на сервер, така што правата може да се променат дури и по испорачувањето на датотеките. Серијата imageRUNNER ADVANCE DX може да се конфигурира за интеграција со Adobe® ES.

*Изборно. За детални информации за достапноста на функциите и опциите во нашата палета на производи за канцелариско печатење, стапете во контакт со вашиот претставник на Canon.

# БЕЗБЕДНОСТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Canon може да помогне за целокупната заштита на информациите на вашата организација.

### ЦЕЛОСНА И СЕОПФАТНА КОНТРОЛА ЗА ВАШИТЕ ПОТРЕБИ ЗА СНИМАЊЕ И ПЕЧАТЕЊЕ ДОКУМЕНТИ

Со помош на нашиот модуларен софтвер за управување со печатењето, компаниите добиваат безбедно споделување на мрежните уреди и можност за безбедно печатење задачи на кој било печатач поврзан на серверот за управување со печатењето. Мобилните корисници се поддржани од централно контролирана услуга во која внатрешните корисници, како и корисниците-гости, добиваат безбеден пристап до печатењето од мобилни уреди.
За деловните потреби за снимање, модулот за скенирање нуди снимање, компресија, конверзија и дистрибуција на документите од повеќефункционалниот уред на голем број дестинации, вклучувајќи ги и системите основани на cloud. Можете и безбедно да ги пренасочите задачите за печатење на најсоодветниот печатач и да ги оптимизирате трошоците за печатење за секој документ. Нашето решение ја зголемува безбедноста на документите низ целото деловно работење и ја комбинира со комплетна евиденција на документите која нуди целосна видливост на активностите по корисник, уред и оддел.

### ЦЕНТРАЛИЗИРАНО УПРАВУВАЊЕ СО ГРУПА УРЕДИ

Нашиот софтвер за управување со уреди IW MC нуди можност поставките на уредите, безбедносните политики, лозинките, сертификатите и фирмверот да се ажурираат и да се поставaат на вашата група уреди од Canon на мрежата, со што на вашата IT-служба ѝ заштедуваат драгоцено време и овозможуваат безбедноста на вашата инфраструктура за печатење да биде ажурирана.

### СЕОПФАТНА РЕВИЗИЈА НА ДОКУМЕНТИ

Нашата архитектура на услуги за канцелариски документи може да се подобри со опции што може дополнително да се нарачаат за да се добие целосна евиденција (т.е. скенирање плус метаподатоци за задачата) на сите документи обработени со уредите imageRUNNER ADVANCE DX.

### УПРАВУВАНИ УСЛУГИ ЗА ПЕЧАТЕЊЕ

Canon MPS ја комбинира иновативната технологија и софтвер со соодветните уреди за да ви ги овозможи бараните перформанси за печатење и обработка на документи, без потреба од оптоварување на вашите IT-служби. Преку проактивно управување и постојана оптимизација на вашата инфраструктура за печатење и работните процеси за документи, можеме да ви помогнеме да ги постигнете вашите безбедносни цели, а притоа и да ги оптимизирате трошоците и да ја зголемите продуктивноста на вашето деловно работење.

### ПРИЛАГОДЕН РАЗВОЈ

Располагаме со тим од самостојни програмери кои може да предложат и да развијат прилагодено решение кое ќе одговара на вашата специфична ситуација или уникатни барања.

## КОЛКУ СЕОПФАТЕН Е ПРИСТАПОТ КОН БЕЗБЕДНОСТА НА ВАШЕТО ПРЕТПРИЈАТИЕ?

- Дали вашата политика за безбедност ги опфаќа и вашите групи од повеќефункционални уреди?
- Како ја одржувате вашата инфраструктура за печатење ажурирана и дали ги применувате подобрувањата и поправките на грешките навремено и ефикасно?
- Дали корисниците-гости можат да печатат и да скенираат без да ја изложуваат вашата мрежа на ризик?
- Дали политиките за носење сопствени уреди се безбедни и поддржливи за сите ваши групи печатачи?
- Дали вашата IT-служба има доволно време да ги истражува безбедносните прашања?
- Дали имате соодветна рамнотежа меѓу безбедносното доделување и практичното користење?



# ЗОШТО CANON?

## ПРОФЕСИОНАЛНО ИСКУСТВО

**Интеграцијата на хардвер и софтвер** ја намалува можноста за повреда на системот.

## ПАРТНЕРСТВО

Им помагаме на потрошувачите да го подобрат своето деловно работење, знаејќи дека **проактивно ќе ги спречуваме заканите по безбедноста на податоците.**

## УСЛУГА

**Истиот тим за безбедност на информациите** кој се грижи за потрошувачите раководи и со нашата внатрешна IT-безбедност.

Ги земаме предвид сите потенцијални закани, зад заштитниот ѕид на претпријатијата и надвор од него.

## ИНОВАЦИЈА

Нашите производи и услуги **опфаќаат попаметни начини** за минимизирање на веројатните ризици по безбедноста на информациите.

**Пофалница** во категоријата „најдобар безбедносен тим“ на **2017 SCA Awards Europe** кои оддаваат признание на професионалното искуство во кибернетичката безбедност.

Canon U.S.A. доби две награди **BLI PaceSetter Awards 2017** (Безбедност во снимањето документи и мобилното печатење).

**Canon Inc.**
Canon.com

**Canon Europe**
canon-europe.com

Macedonian edition
© Canon Europa N.V., 2019

**Canon CEE GmbH**
Predstavništvo Beograd
Omladinskih brigada 90v
11070 Novi Beograd
Srbija
Tel: +381 11 3533 480
canon.com.mk